РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 23 од Правилникот за начин и услови за регулирање на тарифи за пренос, управување со системот за пренос и дистрибуција на природен гас („Службен весник на РМ“ бр.201/2016 и 87/2017), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го објавува следното

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица дека **Акционерското Друштво ГА-МА Скопје**, како носител на лиценци за вршење на енергетските дејности „пренос на природен гас“ и „управување со систем за пренос на природен гас“, до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на ден 29.11.2017 година поднесе Барање за одобрување на регулиран приход и тарифи за дејностите пренос и управување со системот за пренос на природен гас за 2018 година од регулираниот период 2017-2021 година.

Со поднесеното Барање, Акционерското Друштво ГА-МА Скопје, бара регулираниот приход и просечната тарифа за дејностите пренос и управување со системот за пренос на природен гас да изнесува:

| Опис | | 2018 |
|---|---|---|
| **Регулиран приход** | денари | 270.276.676 |
| **Планирана количина на природен гас за пренос** | $nm^3$ | 158.830.000 |
| **Тарифа** | ден/$nm^3$ | 1,7017 |

Мислењата и предлозите во врска со објавените податоци од Барањето, заинтересираните правни и физички лица може да ги достават најдоцна до 12.00 часот на 11.12.2017 година во Регулаторната комисија за енергетика, преку:

- Е-пошта: erc@erc.org.mk
- Факс: 02/ 32 33 586
- Адреса: ул.Македонија бр.25 палата Лазар Поп Трајков 6-ти кат, 1000 Скопје

Скопје, 05.12.2017 година
УП1 бр. 08-191/17

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**